
ПЕЛАГОНСКИ
КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ
ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
18
- НОВАЦИ, 2022-
НОВАЦИ, 2023

**ПЕЛАГОНСКИ**

**КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ**

**НОВАЦИ**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**18**

**НОВАЦИ 2022**

**НОВАЦИ, 2023**

**Издавач:**
Пелагонски-културно-научни средби – Новаци

**За издавачот:**
д-р Весна Калпаковска

**Главен и одговорен уредник:**
д-р Весна Калпаковска

**Редакција**
Ѓорѓи Лазаревски
Трајан Митровски
Биљана Т. Димко

**Лектура и коректура:**
Трудовите се лекторирани од самите автори

**Компјутерска обработка**
д-р Весна Калпаковска

Новаци, 2023

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3.09(062)
061.7:316.7(497.774)"2022"(062)
061.7:001(497.774)"2022"(062)

ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби Новаци : зборник на трудови 18 : Новаци 2022 / [главен и одговорен уредник Весна Калпаковска]. - Новаци : Пелагонски-културно-научни средби, 2023 (Битола : „Графо Пром“). - 223 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-66686-5-5

а) Пелагонски културно-научни средби -- Новаци -- 2022 -- Собири б) Македонска книжевност -- Собири

COBISS.MK-ID 61620485

**СОДРЖИНА**

Предговор кон Зборник на трудови бр. 18. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

СВЕЧЕН ДЕЛ

**Весна Калпаковска**
Пригодна реч кон 22 Пелагонски културно-научни средби . . . . . . . . . . . . 9
**Стевче Стевановски**
Обраќање кон 22 Пелагонски културно-научни средби . . . . . . . . . . . . . . . 11

ДОБИТНИЦИ НА ПРИЗНАНИЈА

**Весна Калпаковска**
Славе Николовски Катин – добитник на Повелбата за животно дело . . . . 14
**Биљана Т. Димко**
Виктор Бивел – добитник на наградата Златен клас за македонски вознес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18
**Васко Гичевски**
Свртени кон делото – историјата во делата на Стале Попов. . . . . . . . . . . 20

ИСТОРИЈА, ГЕОГРАФИЈА, ЕТНОГРАФИЈА, СТОПАНСТВО

**Душан Б. Симиќ**
Белешки за територијата на денешна Република Северна Македонија во кратките византиски хроники . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
**Борис Ангелков, Лилјана Дојчиновски, Сашо Стојановски**
Историја на ветеринарната медицина и сточарството во Р.С. Македонија, со посебен осврт на Пелагонискиот регион, ветеринарната и сточарската дејност во битолската ветеринарна област за време на фашистичко-бугарската окупација во текот на Втората светска војна (1941-1944). . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37
**Евгениј Литовски**
Пренесувањето на моштите на Гоце Делчев од Софија во Скопје и откривањето на неговиот споменик . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52
**Никола В. Димитров**
Услови и можности за развој на планински туризам во општина Новаци. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57
**Цане Котески, Никола Димитров**
Етнографските и социјалните туристички мотиви како фактор за развој на туризмот во Република Северна Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 66

ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА, ПСИХОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА, ОПШТЕСТВО

**Снежана Алексиќ Станојловиќ**
Современото творештво за деца и млади денес . . . . . 75
**Осман Кадриу**
Гаранција на човековите права и Уставот на Република Северна Македонија. . . . . 79
**Марија Котевска Димовска, Валентина Димовска, Гоце Марковски**
Психологија на конфликти и менаџирање со конфликти во организации. . . . . 92
**Христијан Аџиоски**
Дијалектните карактеристики во прикаазните на Цепенков. . . . . 105
**Славе Николовски Катин**
Соња Лозановска – поетеса, публицист, естраден уметник и главен уредник на весникот „Македонија" во Торонто. . . . . 111
**Димитар Ѓорѓиевски, Анита Ѓорѓиевска**
Ликот и делото на Павле Павлевски. . . . . 118
**Никола В. Ристевски**
Меѓу животот и глумата – кон ликот и делото на Ацо Стефановски. . . 127

## УМЕТНИЧКИ И КНИЖЕВНИ ЗАПИСИ

**Ѓорѓи Лазаревски**
Покрстување . . . . . 133
**Васил Тоциновски**
Тврдокорниот пелагониски човек на Добре Тодоровски – со примери од книгата раскази „Да беше поинаку" . . . . . 143
**Јованка Д. Денкова**
Адолесцентскиот роман „Името ми е Вивиен Ли" од Горјан Петревски – мозаик на сите лица на младоста и животот . . . . . 148
**Петре Димовски**
За статијата „На патот за Битола" од Херберт Кореј . . . . . 162
**Вера Стојчевска Антиќ**
Навраќање кон Ѓорѓи Лазаревски со најновото дело „Јана". . . . . 170
**Златко Жоглев**
Етички особини на женските ликови Јана и Рамона во книгата раскази „Јана" од Ѓорѓи Лазаревски . . . . . 174

## ПРОЗНИ ЗАПИСИ

**Божин Андоновски**
Незаборавни сеќавања. . . . . 181
**Јован Ѓуровски**
Што му е човеков, мајко?! . . . . . 190
**Ѓорѓи Прчков**
Разговор со дедо ми

*Извадок од романот „'Рѓосани"* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 194
**Билјана Тодоровска**
Кој прв избега? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 207

## ПОЕЗИЈА -
## КОПРИНЕНИ НИШКИ ОД ДУШАТА

**Гордана Димовска**
Букви . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 213
**Бисера Ѓуровска**
Дедо раскажува . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 214

IN MEMORIAM – Академик Владимир Костов . . . . . . . . . . . . . . . . . 217

**Јованка Д. Денкова**[1]
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

# АДОЛЕСЦЕНТСКИОТ РОМАН „ИМЕТО МИ Е ВИВИЕН ЛИ" ОД ГОРЈАН ПЕТРЕВСКИ – МОЗАИК НА СИТЕ ЛИЦА НА МЛАДОСТА И ЖИВОТОТ

Македонскиот писател Горјан Петревски[2] е автор кој со своите дела лесно допира до срцата на младите. Пишувајќи за адолесцентите, тинејџерите, тој го прикажува својот богат и творечки свет, свет во кој се застапени мотивите од секојдневниот живот на младите. Неговите дела сведочат за животот на тинејџерите кои што во периодот на нивното детство прават храбри, но и збунувачки чекори преку кои ја доживуваат првата љубов која што се случува во раната младост, првото вистинско пријателство и соочувањето со проблемите од реалноста кои ни ги носи животот. Со оглед на фактот дека адолесценцијата е период на „бури", брзи промени на расположението, внатрешни конфликти и кавги со околината, бунтовност, испитување на границите, бесмртност, љубопитност и истражување на светот,[3] неговото творештво посветено на адолесцентите

---

[1] Проф. д-р Јованка Д. Денкова е редовен професор по книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип.

[2] Горјан Петревски е македонски писател на литературата за деца и млади. ...оден на 14 јули 1951 година во с.Мренога, Демир Хисар. Основно училиште завршил во ...одното место, а средно училиште завршил во гимназијата во Прилеп. Студирал на ...илолошкиот факултет на групата југословенска книжевност во Скопје. Напишал повеќе ...ниги и сценарија за телевизиски игри, а за публиката особено се популарни неговите ...омани за тинејџери.

...ој ги објавил книгите за млади: *Гороцвет* (раскази, 1973 г.); *Земјата од сонот* (раскази, ...980 г.); *Споменка* (роман, 1982); *Снеговите на Климентина Евин* (роман, 1991 г.); *...лечна љубов* (роман,1992 г); *Исти очи* (роман, 1994 г.); *Вечниот ветер* (роман,2000г.); *...но дојде љубовта* (раскази, 2001 г.); *Сама* (роман, 2003г.); *Другата Марта* (2017 г.); *...мето ми е Вивиен Ли* (роман, 2020 г.), *Пламени залези*, *Ехото на старата тага* и др. ...ј е актуелен претседател на Одборот на детско творештво при Сојузот за грижи и ...

Јованка ДЕНКОВА
Филолошки факултет
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

# АДОЛЕСЦЕНТСКИОТ РОМАН „ИМЕТО МИ Е ВИВИЕН ЛИ“ ОД ГОРЈАН ПЕТРЕВСКИ – МОЗАИК НА СИТЕ ЛИЦА НА МЛАДОСТА И ЖИВОТОТ

Македонскиот писател Горјан Петревски[1] е автор кој со своите дела лесно допира до срцата на младите. Пишувајќи за адолесцентите, тинејџерите, тој го прикажува својот богат и творечки свет, свет во кој се застапени мотивите од секојдневниот живот на младите. Неговите дела сведочат за животот на тинејџерите кои што во периодот на нивното детство прават храбри, но и збунувачки чекори преку кои ја доживуваат првата љубов која што се случува во раната младост, првото вистинско пријателство и соочувањето со проблемите од реалноста кои ни ги носи животот. Со оглед на фактот дека адолесценцијата е период на „бури“, брзи промени на расположението, внатрешни конфликти и кавги со околината, бунтовност, испитување на границите, бесмртност, љубопитност и истражување на светот,[2] неговото творештво посветено на адолесцентите, буди многу длабоки емоции и чувства кај читателите, поуки и пораки кои што допираат до совеста на секој млад човек.

Романот ,,Името ми е Вивиен Ли“, кој ќе биде предмет на оваа студија, е современ љубовен роман создаден според вистината на една тинејџерка, како втор дел од романот ,,Снеговите на Климентина Евин“, објавен во 2020 година во ,, Македонска реч“ во Скопје. На тој начин, романот „Името ми е Вивиен Ли“ е „ехо“ или „продолжение“ на својот триесет години постар „татко“, романот „Снеговите на Климентина Евин“ (1991): постарата книга не само што е важен елемент во новата книга, туку и главната тема во „Името ми е…“ е иста како и онаа на „Снеговите…“: недозволената љубов на една извонредно интелигентна (свесна, помеѓу другото, за постмодерната и за „компаративната“) деветтоодделенка кон младиот и згоден „Норвежанец“, наставник дојден на замена. Но, за разлика од „Снеговите на Климентина Евин“, во „Името ми е Вивиен Ли“, речиси и да не се појавува наставникот, а дејствието се фокусира главно на протагонистката/нараторка Вивиен Ли и на нејзината неразделна другарка.

---

[1] Горјан Петревски е македонски писател на литературата за деца и млади.
Роден на 14 јули 1951 година во с.Мренога, Демир Хисар. Основно училиште завршил во родното место, а средно училиште завршил во гимназијата во Прилеп. Студирал на Филолошкиот факултет на групата југословенска книжевност во Скопје. Напишал повеќе книги и сценарија за телевизиски игри, а за публиката особено се популарни неговите романи за тинејџери.
Тој ги објавил книгите за млади: *Гороцвет* (раскази, 1973 г.); *Земјата од сонот* (раскази, 1980 г.); *Споменка* (роман, 1982); *Снеговите на Климентина Евин* (роман, 1991 г.); *Далечна љубов* (роман,1992 г); *Исти очи* (роман, 1994 г.); *Вечниот ветер* (роман,2000г.); *Рано дојде љубовта* (раскази, 2001 г.); *Сама* (роман, 2003г.); *Другата Марта* (2017 г.); *Името ми е Вивиен Ли* (роман, 2020 г.), *Пламени залези, Ехото на старата тага* и др.
Тој е актуелен претседател на Одборот на детско творештво при Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија, покренувач и координатор на првиот Книжевен камп за деца и млади „Да бидам, да бидам“ во 2015 во Охрид, како и на првата книжевна манифестација за есеј за основните училишта Есен во Гази Баба (Есеј во есен), во 2015 г., а од 2019 г.и на ниво на Град Скопје.
Горјан Петревски како главен и одговорен уредник, сега ја води издавачката куќа Македонска реч- Скопје, која е и ексклузивен издавач на неговите дела.

[2] Helena Fuček, Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013 godine, (Master's thesis), Sveučilište u Zagrebu, Hrvatski studiji, Zagreb, 2014, https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:111:080810, 24.12.2022

И самиот автор истакнува дека романот е необична - вистинска приказна за девојчето, тинејџерката Вивиен Ли (или Ева Евелина) и нејзината наивна, детска, прва љубов. Токму затоа, и почетокот на романот е невообичаен и впечатлив. Имено, уште првата страница побудува возбуда, љубопитност кај читателот со писмото без наслов напишано од Габриела, која е верна обожавателка и читателка на романите на Горјан Петревски, девојка на четиринаесетгодишна возраст. Романот продолжува со пораките од самиот автор со кои ѝ оддава благодарност на Габриела за нејзиното посветено писмо кое што случајно го пронашол пред објавувањето на романот ,,Името ми е Вивиен Ли".

Дејството во романот започнува на почетокот на новата учебна година и завршува со почетокот на следната, во Скопје, со неколку излети во прекрасната природа на преспанското село Љубојно: ,,Во Љубојно е селанската аристократија, со моштво приказни носени и од далечини. Некои од сказните можеби се и нереални. Но за многу од нив се знае кога и како се случиле... (стр.77)[3]

Главни ликови во романот се двете тинејџерки, на иста возраст Вивиен Ли (или Ева Евелина) и Вероника, две најверни другарки, кои што се многу спротивни една на друга. Првата, Вивиен Ли (Ева Евелина) чии родители се господинот Дамјан и госпоѓата Уранија, е наивна, искрена, емотивна личност која не сака да чита книги, за разлика од нејзините врсници не е заљублива, покажува одбивност кон машкиот пол (особено кон нејзиниот другар со кого учи во исто одделение Матеј Гусакот, кој што е заљубен во неа, додека таа го ,,мрази"): „Сепак, Матеј Гусакот е фаца во „Милениум". Менува мобилни и таблети, компјутери, лап-топи и што ти не сè друго, а се носи во најмодерни и најнови (колку и да е противречно!), најискинати, но најскапи партал – фармерки! Тоа значи, се облекува и се соблекува, се преоблекува и се појавува во исто такви јакни, а се обува и се собува во најк-патики и слични воспеани обувки, купени по изгор-цена некаде во други земји!" (стр.16). Во описот на ликот на Матеј Гусакот, како да се препознава еден прототип на многу млади луѓе кои се опфатени од материјализмот.

Еден од елементите со кои развојната психологија ја опишува адолесценцијата е концептот на идентитетот, односно откривањето на идентитетот. Адолесцентите, како што изјавува Кандаре Шољага, се откриваат себеси и своите можности и граници, ги преиспитуваат ставовите и вредностите на нивните родители, создаваат свој систем на вредности, истражуваат нови можности и интереси, создаваат нова слика за себе, развиваат интелектуални и социјални вештини, го проширувaат светот на сопствените интереси.[4] Во тоа оформување/моделирање на сопствениот, индивидуалниот идентитет, младите адолесценти можат да се побунтуваат и против правилата на возрасните, поточно да се обидат да ги скршат нивните општествено-социјални правила.[5] Во романот на Петревски очигледна манифестација на таков бунт не постои, освен во случајот на "љубовта" која Вивиен Ли "мисли" дека ја чувствува кон наставникот дојден на замена. Се разбира, неизбежно при тоа е и соочувањето со проблемите на кои наидува во цутот на младоста, преку која се прикажани искреноста, топлината, талкањето по довербата и добрината. Таа, девојчето со две имиња, копнеејќи по љубов и заштита ќе добие инспирација за пишување,

---

[3] Горјан Петревски, Името ми е Вивиен Ли, Македонска реч, Скопје, 2020, стр.77

[4] Kaj Helena Fuček, Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013 godine, (Master's thesis), Sveučilište u Zagrebu, Hrvatski studiji, Zagreb, 2014, https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:111:080810, 24.12.2022

[5] Ani Rosa Almario, Defining Young Adult Literature. Education 111X (2009). Internet izvor: <http:// www.ldt.stanford.edu/aalmario/definition%20>, 24.12.2022

и иако не е надарена за тоа, ќе почне да пишува роман за „забранетата љубов" преку кој го пренесува она што поминува постојано низ нејзините мисли, она што длабоко го чувствува во нејзината душа, она што ја буди првата насмевка на нејзиното лице, а тоа е вљубувањето на прв поглед во нејзиниот професор - ,,Норвежанецот од Љубојно", нејзиното забрането јаболко. Големата љубов и восхитеност на Вивиен Ли кон својот професор треба да остане длабока тајна, која ја знаат само таа и нејзината највeрна другарка, тајна која не треба да се открие.

Во почетокот на романот е застапен мотивот на љубовта, кој постојано се појавува во романот. Среде лавиринтот од љубовни приказни се заплеткани судбините на трите поколенија, вклучувајќи ги несреќната љубов на Ева Евелина и нејзиниот сакан Горазд, искрената љубов помеѓу Уранија и Дамјан, и невозможната љубов на ученичката, тинејџерката Вивиен Ли кон својот професор „Норвежанецот од Љубојно".

Професорот ќе го освои нејзиното срце уште на прв поглед и ќе предизвика длабоки чувства на збунетост кои не треба да исполват на површината, заради кои Вивиен Ли ќе почне да ги чита книгите на Горјан Петревски, а воедно преку пишувањето на својот роман ќе го бара излезот од соништата кои што постојано ги нарушуваат нејзините мисли. Вероника, најдобрата другарка на Вивиен Ли која е мошне луцидна и досетлива, искрена и чувствителна, со голема љубов посветена кон книгите и пишувањето, ќе ѝ помогне на Вивиен Ли да се спаси од она што ја прогонува, ќе ја убеди да почне да пишува роман за нејзината прва љубов, иако не е надарена за тоа. Тука се појавува несигурноста, дали ќе успее да го заврши романот: „ Ах, кога, би можел романот сам да се напише! Каде да најдам зборови и мисли?! Колку и да се трудам романот ќе ми го зафрлат уште со првата реченица..." (стр.47).

Освен приказната за „недозволената љубов" на Вивиен Ли, во романот се испреплетуваат уште две приказни кои што сведочат за љубовта, едната за Уранија и Дамјан, а другата за Ева Евелина и Горазд. Родителите на Вивиен Ли, господинот Дамјан и госпоѓата Уранија се протагонисти на една вистинска, искрена љубов која царувала и цутела уште во нивното детство поминато во Љубојно, каде што заедно учеле во основното училиште и од тој момент бликнала таа искра меѓу нив која прераснала во голема љубов. Пишувајќи го романот, Вивиен Ли сака да ја дознае вистината за животниот пат на тогашната госпоѓа Ева Евелина, чие име го носи. Тој роман ѝ овозможува на Вивиен Ли да се соочи со писателот лице во лице и да му раскаже дека во приказната за Климентина се пронаоѓа самата, низ истата приказна поминува самата, па таа приказна ѝ станува добра лекција за да продолжи понатаму храбро да чекори. Таа приказна ја натерала разумно да размисли, да не направи некоја грешка за која подоцна ќе се кае, која ќе предизвика трајни последици, па тоа и станува инспирација за понатаму да го заврши својот роман за кој што веќе пишува.

Од расказот на мајка ѝ, таа дознава дека Ева Евелина била вљубена во Горазд кого искрено го сакала, но нивната силна, искрена, вистинска љубов имала трагичен крај. Моментот кога Горазд запливал низ морињата и океаните за да го освои светот, нивната љубов почнала да згаснува како пламенот од една свеќа. Горазд доживеал несреќа, ја повредил својата нога, а Ева Евелина трагајќи по својот сакан, западнала во рацете на богат господин - Американец со кого и се омажила. Кога Горазд дознал за венчавката на Ева Евелина, скршен од болка и тага, никогаш повторно не се вратил во неговиот роден крај и останал во скандинавските земји. Единствен сведок на нивната љубов се писмата кои што Горазд ги пишувал посветено

за Ева Евелина, во кои ја нарекувал Вивиен Ли, според тогашната актерка во филмот „Однесено од виорот“, која што била многу убава во фустанот во кој што била облечена.

Релацијата на Вивиен Ли со родителите е отворена и здрава, па во нивното семејство се разговара и за првата љубов, а според мајката: „За да биде љубовта прва треба да има прво прегрнување и прво бакнување, прво налутување и прво раскинување, прво простување и (...) прво смирување.“(стр142). Придонесот на семејните и родителските фактори во стекнувањето на вредности кај адолесцентите е предмет на интерес на научната заедница. Голем број студии покажуваат дека семејните релации, семејната кохезија играат есенцијална улога во трансмисијата на вредносните системи.[6] И авторот Петревски не го заборавил овој факт, па секогаш кога младата девојка ќе се почувствува занесена од љубовта кон наставникот, во неа преовладуваат и противречни чувства, зашто од потсвеста изникнуваат и сомнежите дека таквата љубов сепак е недозволена. Во тие мигови, Вивиен Ли се свртува кон семејството, кон родителите со барање да ѝ раскажуваат за нивната љубов. Преку советите кои (најчесто) мајката ѝ ги дава, Вивиен Ли ги расчистува дилемите. Големата улога на семејството уште повеќе се потенцира при средбата на Вивиен Ли со момчето Калин од Штип, со што фабулата на романот се збогатува со уште една тема карактеристична за адолесцентската литература – темата на разводот. Децата реагираат на разводот на нивните родители со болни емоции вклучувајќи тага, збунетост и страв од напуштање, вина, заблуди, лутина, конфликти за лојалност, грижа и тага. Многу деца доживуваат чувства на загуба кога едниот родител се придвижува/се оддалечува надвор од семејното живеалиште.[7] Иако во книгата, разводот не е дел од животот на главните протагонисти, сепак, претставува еден вид фон преку кој Вивиен Ли, соочено со сознанието за можниот распад на семејството на Калин, копнее по своите помали брат и сестра, кои инаку многу ја нервирале, со што копнее по семејната топлина и семејството, а со тоа и вредностите кои ѝ ги всадувале нејзините родители. Токму тие вредности, разликувањето на доброто и злото, правилното и неправилното, етичкото и неетичкото, ќе придонесат младата девојка да ги разреши дилемите со својата недозволена љубов.

Се разбира, во животот на Вивиен Ли е и нејзината Вероника со која пријателството веројатно е зародено преку училиштето: „Другарка ми е, најдобра, само во неа имам доверба. Кон другите... ја немам, треба да се потврдат.“ (стр.29). Всушност, пријателството/другарството, релациите со врсниците е најчестата тема во адолесцентската литература, на пријателите тие им се доверуваат, со нив се советуваат и слично.[8] Не е за потценување и фактот на кој укажуваат многу студии за соодносот и влијанието на семејните односи врз релациите со врсниците. На пример, во студијата на Гевин и Фурман се укажува дека и покрај тоа што се работи за различен вид релации, сепак, солидните позитивни релации во односот мајка – ќерка, се одразуваат и врз односите со пријателите/врсниците.[9] Оттука, не нѐ зачудува фактот што авторот на романот „Името ми

[6] Ana Prioste, Isabel Narciso, Miguel M. Gonçalves, Cícero R. Pereira, Family Relationships and Parenting Practices: A Pathway to Adolescents’ Collectivist and Individualist Values?, Journal of Child and Family Studies, Springer, Volume 24, No.1, January-2015, http://www.researchgate.net/publication/276244450, 24.12.2022

[7] Ukpe, L.Q. (2021). Children’s behavior towards divorce and effective parenting, 2021, https://www.academia.edu/49558597/Childrens_Behaviour_towards_Divorce_pdf, accessed on 13.02.2022

[8] Laurence Steinberg, Adolescence. New York: McGraw-Hill, 1993.

[9] Gavin, Leslie A., and Wyndol Furman. "Adolescent girls' relationships with mothers and best friends." Child Development 67.2 (1996): 375-386. https://liberalarts.du.edu/sites/default/files/2021-04/gavin-furman-1996.pdf, 25.12.2022

е Вивиен Ли“ на иста сцена ќе ги постави другарката Вероника и семејството на Вивиен Ли при патувањето во живописното Љубојно, каде особено доаѓаат до израз позитивните односи и меѓу другарката Вероника и мајката на Вивиен Ли: „Вероника ме погледна под око и со восхит ја гушна мама. „Гушката“ ѝ беше возвратена. Не сум сигурна дали не бев малку и љубоморна на тој момент!? А и да бев, не требаше.“ (стр.84) Пријателствата претставуваат важен контекст за социјалниот развој на адолесцентите. Прегледот на постоечката литература открива дека пријателствата на адолесцентите се разликуваат во неколку аспекти од пријателствата на помалите деца. За време на адолесценцијата, три димензии на пријателството влијаат на текот на индивидуалниот развој: имањето пријатели, кои се нивните пријатели и квалитетот на пријателството.[10]

Неизбежно поврзана со темата на пријателството, е и темата на училиштето во кое се склучуваат и раскинуваат многу од тие врснички пријателства. Пријателствата се постабилни во адолесценцијата отколку во детството и стануваат уште постабилни за време на адолесценцијата.[11] Развојот на идентитетот е важна задача во адолесценцијата. Адолесцентите треба да се занимаваат со развивање образовни и професионални цели додека обликуваат слика за тоа кои се и кои сакаат да бидат. Претходните истражувања покажуваат дека релативно јасен и стабилен идентитет ги прави луѓето поотпорни, рефлексивни и автономни во извршувањето на важни животни одлуки, истовремено промовирајќи чувство на компетентност. Истражувањата покажале и дека училиштата и наставниците често не се свесни за многуте различни начини на кои тие можат значително да влијаат врз развојот на идентитетот на адолесцентите. Училиштето - местото каде што адолесцентите поминуваат многу време - е важен контекст каде може да се поддржи развојот на идентитетот на адолесцентите. Наставниците можат да им помогнат на адолесцентите да ги истражат идентитетските импликации на новите идеи, активности или можности со кои се запознаваат во училиштето.[12] Во суштина, мислењето на Вивиен Ли за нејзиното училиште, во кое е веќе деветтоодделенка, полуматурантка, не е многу позитивно и ласкаво и тоа експлицитно се покажува во неколку наврати во романот: „Според успехот од прво до деветто, сум, како, ѓоамити, најдобра ученичка. Не сум, (наставниците се во заблуда!), за многу нешта сум г.Тапа Џонсон, како што вели татко ми за незнајковците. Но умеам наставниот кадар да го одведам на споредeн колосек и да веруваат дека Вивиен Ли Љубојнец сè си знае и... може да си свирка и да си трае на столчето, едно до друго, уште од прво, со Вероника Буринец која во сè е подобра од мене!?“ (стр.15). Иако под влијание на новопројавената симпатија кон наставникот Вивиен Ли се менува на подобро и станува првенка на генерацијата, сепак и во следниов цитат е евидентна и критиката на нашиот образовен систем: „Дали е во ред, Векијо? Тоа што не читаме книги? – Не е, Линочка. Од нечитање, еден ден, сосема ќе затапиме, сфаќаш? – Та и сме веќе затапени, скрос безнадежна генерација. (...) И јас ѝ припаѓам на оваа жртвувана генерација. Не читам и

---

[10] Willard W. Hartup, Adolescents and their friends, New Directions for Child and Adolescent Development, Volume 1993, Issue 60, Pages: 3-22, 1993, https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1002/cd.23219936003, 25.12.2022

[11] Branje, S. J., Frijns, T. O. M., Finkenauer, C., Engels, R., & Meeus, W. I. M. (2007). You are my best friend: Commitment and stability in adolescents’ same-sex friendships. Personal Relationships, 14(4), 587-603., file:///C:/Users/User/Downloads/BRANJE_et_al_2007_Personal_Relationships.pdf, 25.12.2022

[12] Monique Verhoeven, Astrid M. G. Poorthuis, Monique Volman, The Role of School in Adolescents’ Identity Development. A Literature Review, Educational Psychology Review (2019) 31:35–63, https://doi.org/10.1007/s10648-018-9457-3 , https://link.springer.com/article/10.1007/s10648-018-9457-3 25.12.2022

книги... А велат дека сум најдобра ученичка!? Од каде јас најдобра?! Тоа значи и наставниот кадар е заглавен во времето и се слеал со оваа уназадена генерација. ...Тикви ќе бев ако оваа учебна година не ѝ се родеа близнаците на нашата Кетрин и не се појавеше Норвежанецот од Љубојно. Ќе си залежев во пустово деветто и ќе си се крепев само на „стара слава““ (стр.185-186).

Во романот на Петревски се упатува критика и кон мас-медиумите. Зборот медиуми се однесува на значењето на главните извори на комуникација; тие можат да бидат во форма на напишани, визуелни со нарации или напишани плус клипови или слики (Оксфорд, 2010). Според Your dictionary.com (n.d.) начините на кои може да комуницирате со голем број луѓе во еден момент се нарекуваат мас-медиуми. Масовните медиуми се користат за обликување на мислењата, ставовите, влијанието, мислата, впечатокот или пораката на публиката, било дали публиката е широка или ограничена.[13] Проблематиката на новите, современи медиуми и технологијата, видлива е преку искажувањето на главната протагонистка, која критички се однесува кон предностите, но и замките кои го донесуваат овие медиуми за масовна комуникација: „Кога си појдов дома му го побарав профилот за да расчепкам кој е и каков е, но не го најдов на Фејсбук... И уште истиот час и самата си го избришав профилот на Фејсбук. Нека бидам и несовремена. Можеби така повеќе ќе му се допаднам!? Што ќе ми е секој да ме има на дланка? Интимата е само моја. Зар треба светската јавност да биде известена што си речал и што си имал на трпезата?“ (стр.44-45). Свесни за позитивните, но и негативните ефекти од мас-медиумите, двете девојки, Вероника и Вивиен Ли, решаваат сепак да ги искористат за позитивни, перспективни цели, поточно за промоција на убавините на Љубојно, за привлекување туристи преку приказната за наводната „реинкарнација“ на духовите на главните протагонисти од култниот филм „Одвеано од виорот“ – Вивиен Ли и Кларк Гејбл.

Друга засегната тема на која македонските автори не се навраќаат е темата на сексуалноста, особено на хомосексуалноста. За оваа тема, во романот не се врзани протагонистите, туку темата останува на рамниште на претпоставка, заради незаинтересираноста на младиот и привлечен наставник за Вивиен Ли. Како основа за тоа, е и наслушнатиот емотивен разговор меѓу наставникот и непознатиот собеседник по име Карсон: „…Не знаев што да мислам. Дали да ѝ верувам? Сега ми стана жал за него и...уште повеќе го засакав!? Бев сигурна, можам да го вратам на оној колосек на кој јас сакам. Ќе му помогнам со мојата сè уште кревка возраст...“ (182). Петревски не ја занемарил и темата на будењето на сексуалноста кај младите адолесцентии. Со појавувањето на професорот, уште на прв поглед Вивиен Ли силно се вљубува, па тоа предизвикува безброј испреплетени ситуации кои сведочат за случувањата во нејзиниот живот: „Млад и буен, северно русокос и мразно модроок, студено сериозен и како чемпрес исправен. Како да е извајан од ледена стена“ (стр.39). Освен што ја забележуваат атрактивноста и привлечноста на наставникот, адолесцентките се свесни и за сопствениот физички изглед, поточно за сопствената несовршеност и неразвиеност (сè уште!), па наивно настојуваат да ја прикријат:

> „Сè уште сум рамна како „штица“!
> –Не си! Види си ги градите?! Толку ти набрекнаа оваа пролет!?
> - Како да не...-разочарано ми одвраќа. – Не кријам од тебе...си ставам крпи за да ми бидат напрчени!“ (стр. 208)

[13] Yadav, Pooja, Deodiya, Sangita and Shukla, Anshu (2016). Impact of mass media on fashion adoption of adolescent girls. Internat. J. Appl. Home Sci., 3 (1 & 2) : 31-35. http://scientificresearchjournal.com/wp-content/uploads/2016/04/Home-Science-Vol-3_A-31-35-Full-Paper.pdf, 25.12.2022

Лацковиќ-Гргин сугерира дека физичкиот изглед на децата за време на пубертетот понекогаш толку драстично се менува за релативно кратко време што физичкиот изглед станува една од најважните грижи на адолесцентите, што е поврзано со општествените норми и културните модели на претпочитан физички изглед кои влијаат на перцепцијата за нивното сопствено тело. Ова ја наведува Лацковиќ-Гргин на заклучок дека адолесцентите од двата пола се фокусираат на оценување на сопствената и физичката привлечност на другите луѓе врз основа на интернализирани општествени стандарди. Покрај општата привлечност на телото, врз основа на овие стандарди се оценуваат и поединечни делови од телото кои придонесуваат за општата слика на телото на различни начини. Општата физичка привлечност, изгледот на лицето и телесната тежина се многу важни за општата самоконцепција на телото во адолесценцијата.[14]

Вивиен Грифитс во својата студија тврди дека културните и идеолошките притисоци врз девојките да си „фатат" момче се огромни и се добро документирани. На пример, Кристин Грифин пишува: „Да се добие момче се смета за доказ за „нормалната" хетеросексуалност на младите жени и поголема "женственост" (Грифин, 1985б, стр. 59). Во овој контекст на „задолжителна хетеросексуалност" (Рич, 1980), продолжувањето на блиските односи со девојчињата без соодветен интерес за момчиња може да се смета за ненормално или девијантно. Наоѓањето стабилно момче, исто така, може да биде начин да се заштити угледот на девојката. Иако има сè поголем број извештаи, особено од феминистички истражувачи, кои ја демонстрираат важноста на пријателствата меѓу адолесцентките (Ward, 1976; McRobbie, 1978b; Griffin, 1985b; Lees, 1986), голем дел од литературата вели дека во такви ситуации, девојките се на второ место или се целосно исфрлени бидејќи, девојките почнуваат редовно да излегуваат со момчиња. Моделот што се појавува е поларизиран: девојки или момчиња.[15] Токму во врска со тврдењето на Грифитс се совпаѓа и ситуацијата која ни се дава во анализираниот роман на Горјан Петревски, каде на полуматурската вечер, Вивиен Ли е сосема разочарана од сознанието дека Норвежанецот не е геј, но има совршена девојка„ „влетува" Матеј Гусакот кој цело време ги пројавува своите симпатии кон Вивиен Ли, но таа вечер Вероника стапува во врска со него. Иако цело време низ дејството на романот, читателите се сведоци на некаква одвратност која Вивиен Ли ја чувствува кон него (иако можеби немотивирана!), сепак самиот чин на стапување во врска на Вероника со Матеј Гусакот, кај неа предизвикува чувство на предавство од страна на Вероника: „Бев тажна. Еве, Вероника е среќна дури и со Матеј Гусакот. Нека, но, не знам зошто, сепак, почувствував дека ми е извршено предавство. А од оваа нова љубов, (тоа веднаш го насетив!), ќе „настрада" едно прекрасно и со години чувано другарување" (стр.252).

Со посетата на Вероника, Вивиен Ли и нејзиното семејство во Љубојно, во куќата на госпоѓата Ева Евелина од Преспа, во чија таинствена соба се криела голема мистерија, во романот се внесува тона на мистериозност: ,,Најпространа меѓу шесте соби, со висок свод, наликува на музеј. Во очи паѓа и раскошен фустан спакуван во стаклен џамлук, а под него на англиски: Овој фустан е еден од оние што ги носеше Вивиен Ли во филмот ,,Однесено од виорот" во улогата на Скарлет О' Хара." (стр.79). Не само куќата и собата, туку и местото

[14] Katica Lacković-Grgin, Psihologija adolescencije. Jastrebarsko: Naklada Slap, 2006.

[15] Vivienne Griffiths, Adolescent Girls: Transition from Girlfriends to Boyfriends?, Chapter 4 of Women and the Life Cycle: Transitions and Turning Points Edited by Patricia Allatt, Teresa Keil, Alan Bryman & Bill Bytheway, London: Macmillan, 1987, https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/58211406, 25.12.2022

каде што почива прочуената Ева Евелина било необично, поразлично од другите места, бидејќи таму почивала жена на која сите ѝ се восхитувале, жената која пленела со својата убавина: „Од цел свет сакана, а меракот, иако се знаело, се премолчувало каде и во кого и бил.“ (стр.103); „Од секого сонувана и со очи милувана, а од никого недопрена и неиспоценета.“ (стр.102). Љубопитноста и несигурноста кај Вероника и Вивиен Ли се појавува во моментот кога го пронаоѓаат свежото цвеќе на гробот на Ева Евелина за кое не се сигурни кој го оставил и дали корените на цвеќето се влечат од далечното минато, враќаат некои спомени, а продолжуваат со соочувањето со истата сцена од филмот „Однесено од виорот“ каде што главната улога ја имала актерката Вивиен Ли која била облечена во истиот фустан кој што се наоѓал во собата на Ева Евелина. Заплетот настанува кога Вивиен Ли почнува да го чита романот „Снеговите на Климентина Евин“ во кој што се пронаоѓа и самата, кој што говори за судбината на една тинејџерка која била вљубена во професорот по физика, кој ѝ станал и мотив за учење и пливање, а истиот возвратил на таа љубов подавајќи ѝ прегратка со која посакал да ја извалка нејзината чест. По дознавањето на судбината на Климентина, Вивиен Ли се соочува со приказната која ја пишува во својот роман и од тој миг судбината на Климентина и ги разрешува сите дилеми со кои не може сама да се соочи и ѝ помага да се разбуди и длабоко да размисли за она што го доживува. Низ оној, среден адолесцентски период од 14-16- годишна возраст, младите луѓе имаат психолошка потреба да ја тестираат сопствената „нормалност“. Тие имаат „нови“ емоции, тело кое се менува, нов вид релации, и од тие причини се чувствуваат збунети. Често доаѓаат до заклучокот дека тие веројатно се разликуваат од сите останати. Во такви периоди, книгите стануваат начин на кој адолесцентите дознаваат дали се поинакви од другите или се нормални индивидуи кои имаат слични реакции со сите останати.[16]

Конечното отрезнување Вивиен Ли го доживува на полуматурската вечер на која неочекувано се појавуваат професорот „Норвежанецот од Љубојно“ и неговата прекрасна девојка Карсон Андерс. Во тој момент таа силна, искрена,тинејџерска љубов која ја чувствува Вивиен Ли силно го прободува нејзиното срце, станува емотивна, скршена, ранета, обесхрабрена од она што е прикажано пред нејзините очи. Нејзините соништа и желби за љубовта кон професорот исчезнуваат и Вивиен Ли тогаш сфаќа дека љубовта која ја чувствува кон професорот е невозможна, сфаќа дека тоа всушност не е љубов, туку само восхит кон прекрасниот професор кој уште на прв поглед го освоил нејзиното детско, невино срце. За време на матурската вечер започнува нова љубовна врска помеѓу Вероника и Матеј Гусакот, со цел Матеј да ѝ се одмазди на Вивиен Ли поради тоа што таа не го сака, па за да го постигне тоа ја искористува Вероника, а тоа длабоко ја повредува Вивиен Ли поради далечината и загубата на верното пријателство со Вероника: ,,Почувствував дека некој нешто ми одзел. Не е тоа љубомора, туку чувство дека нешто скапоцено губиш, блискост и другарство уште од рано детство. Но и се посомневав не во нејзината, туку во неговата искреност. Времето е она што ни донесува и ни однесува, сè ни дава, но многу нешта ни одзема“ (стр.260).

Втората посета на гробот на Ева Евелина е мигот кога се дознава вистината за сите случувања кои како лавиринт се испреплетени во романот. На гробот на Ева Евелина се

[16] G. Robert Carlsen, What Beginning English Teachers Need to Know: About Adolescent Literature, English Education, Vol. 10, No. 4, National Council of Teachers of English, (May, 1979), pp. 195-202, https://www.jstor.org/stable/40172269, пристапено на 23.12.2022.

среќаваат Вивиен Ли и нејзиното семејство со професорот и неговата девојка, каде што се открива вистината за професорот кој всушност бил внук на Горазд, кој копнеел по љубовта на својата сакана Ева Евелина и во чест на нивната љубов побарал од својот внук кога ќе оди во Македонија да намине во Љубојно на гробот на Ева Евелина и да остави по едно цвеќе. Решителноста кај Вивиен Ли се појавува по дознавањето на вистината, кога и решава да го промени своето име, да биде Ева Евелина и нејзиното име да биде добар глас кој што ќе одекнува низ Љубојно, низ Преспа, во чест на ценетата госпоѓа Ева Евелина.

Кон крајот на романот тинејџерката сфаќа дека љубовта ќе си дојде кога ќе биде соодветно време за тоа да се случи, дека тоа што го чувствувала не било љубов кон професорот, туку само восхитување кон неговата убавина, добродушност и искреност во изговорот на нејзиното име, кое што всушност е нормално за секоја тинејџерка во тој период од животот: „Ако било поинаку, љубовта би се претворила во грда ништожност и немало од неа да излезе убав роман...(стр. 293). Тоа е моментот кога Вивиен Ли дознава дека времето лечи сѐ, а раната останува длабоко врежана во срцето.

Нејзината приказна за љубовта и пишувањето на романот постојано ги следела нејзината мајка Уранија која во последните страници од романот го открива вистинското име на професорот нарекувајќи го Јоан Јон и ја советува својата ќерка дека: „Говорот на љубовта се искажува преку очите. Ништо нема поречито од погледот. Особено ако тој ти биде возвратен. Љубовта била и ќе остане неменлива. Како некогаш, така и сега“ (стр.299).

На последните страници од романот, започнува новиот живот на тинејџерката со нејзиното второ име - Ева Евелина која почнува да учи во скопската гимназија „Никола Карев“ соочувајќи се со нова, непозната средина, нови личности, меѓу кои ненадејно и неочекувано повторно се појавува нејзината другарка Вероника и заедно продолжуваат да чекорат кон патеките на новиот живот, доверувајќи се една на друга исто како во основното училиште, верни, најдобри другарки кои што само во едно не се согласувале: „Сепак, на недоразбирањата им нема крај. Тие ќе си останат и понатаму. Само во тоа нема да се согласуваме и во пустава гимназија!?“ (стр.309).

Такви се патиштата во животот, ни се случува она што не го очекуваме.

Иако литературата има свои ограничувања, моќта на раскажувањето приказни често може да биде дел од процесот на заздравување од некои од позагрозувачките и збунувачки аспекти на растењето. Адолесцентите треба да се потсетат дека не се изолирани и дека нивните врсници често се соочуваат со слични проблеми. Запознавање со веродостојни портрети на ликови во литературата, кај адолесцентите може да обезбеди разбирање на нивните многу реални ситуации.[17]

## ЗАКЛУЧОК

Преку романот „Името ми е Вивиен Ли“, авторот Горјан Петревски ги поттикнува младите читатели да стекнат љубов кон книгата уште од најрана возраст, бидејќи книгата е највeрниот советник во сосема поинаков свет, сопатник кој ни го осветлува патот кон иднината, ни ги покажува грешките на кои наидуваме, не поттикнува да размислуваме и да научиме како преку нејзините безбројни страници во кои се криjат тајните на животот да ги

[17] Abbey J. Fox, "Girls coming of age: possibilites and potentials within young adult literature" (2010). College of Liberal Arts & Social Sciences Theses and Dissertations. Paper 34. http://via.library.depaul.edu/etd/34, 24.12.2022

откриеме вистинските заклучоци. Најважната задача е да го пронајдеме најверниот и најдобриот пријател во книгата.

Авторот, свесен за дистанцата помеѓу неговиот стил на изразување и говорот на младите генерации, преку гласот на самата хероина вешто го оправдува/легитимира нејзиниот идиолект: „Ако сретнувате старински зборови, како, на пример, тормозење, тие ми се наследство од "старците" кои со говорот никогаш не си заминаа од селанските корени на нивното љубено Љубојно.“ (стр.17) Авторот го згуснува романот и со (искажаните) паралели помеѓу „Името ми е…“ и приказната на „Однесено во виорот“, но она што му дава особена вредност на ова дело е третирањето (со скромен успех, би се рекло, но тоа е многу помалку важно) на „современата“ тема на хомосексуалноста. Ваквата храброст да се излезе од сопствената зона на удопство и да се обработуваат нови и актуелни тематики е одлика на раскошните креативни духови.

Преку овој роман писателот го води секој млад човек кон вистинскиот пат во животот, исполнет со многу препреки, тајни, пораки во кои треба длабоко да нурнеме и да ја пронајдеме искрата која бликнува и ја пробудува секоја пеперутка во нашето срце. Првата љубов е силна и моќна, а загубата на таа длабока љубов предизвикува многу тажни чувства кои се исполнети со солзи и страдања. Но, бидејќи тоа се случува многу рано, уште во самото детство кога тинејџерите, сè уште не се доволно зрели, таа љубов брзо исчезнува исто како првата снежна покривка во зима која паѓа и ја покрива земјата која сè уште е топла, па брзо се топи и исчезнува.

Преку овој роман доаѓаме до заклучок дека љубовта - најголемиот подарок од Господ, започнува со насмевка, продолжува со бакнеж, а завршува со солзи. Најтешката борба во животот е борбата со самиот себе, со своите мисли, емоции и чувства. Овој роман допира до совеста на младите, служи како времеплов кој не навраќа во младите години на мечтаењето и фантазијата. Овој роман нè навраќа во детството, на нашата прва симпатија, прва љубов, спомените кои длабоко се врежани во нашето срце. Ова е роман за сите генерации кој што вреди да се прочита.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Almario, Ani Rosa, (2009). Defining Young Adult Literature, Education 111X Internet izvor: <http://
www.ldt.stanford.edu/aalmario/definition%20>, 24.12.2022
2. Branje, S. J., Frijns, T. O. M., Finkenauer, C., Engels, R., & Meeus, W. I. M. (2007). You are my best friend: Commitment and stability in adolescents' same-sex friendships. Personal Relationships, 14(4), 587-603., file:///C:/Users/User/Downloads/BRANJE_et_al_2007_Personal_Relationships.pdf, 25.12.2022
3. Carlsen, G. Robert. (1979). What Beginning English Teachers Need to Know: About Adolescent Literature, English Education, Vol. 10, No. 4, National Council of Teachers of English, pp. 195-202, https://www.jstor.org/stable/40172269, 23.12.2022.
4. Fox, Abbey J. (2010). Girls coming of age: possibilites and potentials within young adult literature, College of Liberal Arts & Social Sciences Theses and Dissertations. Paper 34. http://via.library.depaul.edu/etd/34, 24.12.2022
5. Fuček, Helena, (2014), Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013 godine, (Master's thesis), Sveučilište u Zagrebu, Hrvatski studiji, Zagreb, https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:111:080810, 24.12.2022

6. Gavin, Leslie A., and Wyndol Furman. "Adolescent girls' relationships with mothers and best friends." Child Development 67.2 (1996): 375-386. https://liberalarts.du.edu/sites/default/files/2021-04/gavin-furman-1996.pdf, 25.12.2022
7. Griffiths, Vivienne. (1987). Adolescent Girls: Transition from Girlfriends to Boyfriends?, Chapter 4 of
Women and the Life Cycle: Transitions and Turning Points Edited by Patricia Allatt, Teresa Keil, Alan Bryman & Bill Bytheway, London: Macmillan, https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/58211406, 25.12.2022
8. Hartup, Willard W. (1993). Adolescents and their friends, New Directions for Child and Adolescent Development, Vol. 1993, Issue 60, Pages: 3-22, https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs/10.1002/cd.23219936003, 25.12.2022
9. Lacković-Grgin, Katica. (2006). Psihologija adolescencije. Jastrebarsko: Naklada Slap.
10. Prioste, Ana, Narciso, Isabel, Gonçalves, Miguel M., Pereira, Cícero R. (2015). Family Relationships and Parenting Practices: A Pathway to Adolescents' Collectivist and Individualist Values?, Journal of Child and Family Studies, Springer, Volume 24, No.1, http://www.researchgate.net/publication/276244450, 24.12.2022
11. Steinberg, Laurence. (1993). Adolescence. New York: McGraw-Hill.
12. Ukpe, L.Q. (2021). Children's behavior towards divorce and effective parenting, 2021, https://www.academia.edu/49558597/Childrens_Behaviour_towards_Divorce_pdf, accessed on 13.02.2022
13. Verhoeven, Monique, Poorthuis, Astrid M. G., Volman, Monique. (2019). The Role of School in Adolescents' Identity Development. A Literature Review, Educational Psychology Review, 31:35–63, https://doi.org/10.1007/s10648-018-9457-3 , https://link.springer.com/article/10.1007/s10648-018-9457-3 25.12.2022
14. Yadav, Pooja, Deodiya, Sangita and Shukla, Anshu (2016). Impact of mass media on fashion adoption of adolescent girls. Internat. J. Appl. Home Sci., 3 (1 & 2) : 31-35. http://scientificresearchjournal.com/wp-content/uploads/2016/04/Home-Science-Vol-3_A-31-35-Full-Paper.pdf, 25.12.2022
15. Петревски, Горјан. (2020). Името ми е Вивиен Ли, Македонска реч, Скопје.